Грнчарството во Велес

Грнчарството во Велес оставило доста длабока трага, која тлее и до ден денес. Тоа, носејќи го духот на градот, успеало да преживее векови на предизвици. Неговиот брз подем тука се должи на квалитетната земја-глина, која во околината на Велес ја има во изобилие. Грнчар бил големиот поет и револуционер Кочо Рацин, кој го сметал овој занает за најстара уметност. Немајќи услов за уметнички просперитет, Македонецот во своите секојдневни трудови дејности бил принуден да бара уметничка појаваВелешката грнчарија се одликува по својата класична форма и линија. Таа доминира во 19 и 20 век со своите уметнички обликувани форми. Посебно голема заслуга во таа насока има познатата грнчарска фамилија од Велес – Левкови, која што придонела ова умеење да се издигне на прилично повисоко уметничко ниво. Преку своите трговски врски таа ги пласирала велешките грнчарски производи не само во Македонија, туку и на пазарите во некои Европски земји: Германија, Англија, ФранцијаНадалеку била прочуена тогаш нивната работилница за фина керамика „Јован Левков и синови грнчари“. Подоцна се преименувала во „Тодор Левков и негови грнчари“ а потоа прераснува во фабрика позната како „Вила Зора“ која како таква опстојувала до крајот на 60-те години на 20 век. Исто така и бројот на грнчарите почнал постепено да се намалува во текот на 20 век така што во 1923 година се регистрирани 20 грнчари, а во 1953 година само 13 грнчари.

Кога се зборува за грнчарството како занает во Велес и Велешко може да се констатира дека е присутен на овие простори многу одамна.Многуте археолошки наоѓалишта даваат податоци и артефакти за афтохтоно постоење и опстојување на грнчарскиот занает низ вековите.Од матријалите, но и од пишаните податоци може да се говори за вековен котинуитет на грнчарството во Велес.Велешката грнчарија е позната и надвор од регионот, според пишани податоци Велешките мајстори продавале свои производи и во Скопје,Куманово но и во Софија и Солун.Постоеле бројни семејства во Велес кои низ вековите го носеле занаетот и славата на добрите мајстори на занаетот, но за среќа модерните времиња не ја прегазија традицијата, денес важи за градот Велес дека сеуште ги има најдобрите мајстори-грнчари.